СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 124 **14 мај 2020, четврток** **година LXXVI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1659.	**Правилник** за патни и други исправи на странец.....	**2**
1660.	**Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Словачка.....	**27**
1661.	**Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Унгарија.....	**27**
1662.	**Решение** за престанок на важење на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Чешка.....	**27**
	Огласен дел.....	**1-36**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1659.

Врз основа на член 197 од Законот за странци (*) („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19), министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува:

- начинот на издавање на патни и други исправи на странец;
- начинот на пријавување на исчезнати, изгубени, украдени или друго отуѓување на патни и други исправи на странец;
- формата и содржината на образецот на патната и на друга исправа на странец, како и на образецот на барањето за нивно издавање и
- начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденцијата за издадени патни и други исправи на странец.

II. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

Член 2

(1) Пасош за странец, патен лист за странец, патна исправа за лице без државјанство, дипломатска лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта се издава на барање на странецот.

(2) Службеното лице кое ја води постапката (во натамошниот текст: службеното лице) го утврдува идентитетот на странецот, односно подносителот на барањето, проверува дали барањето е точно и читливо пополнето и дали кон него се поднесени потребните прилози.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член се пополнува рачно со печатни букви или со машина за пишување.

Член 3

(1) Заедно со барањето од член 2 став (1) од овој правилник, подносителот на барањето приложува и две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 см кои се идентични и одговараат на неговиот изглед.

(2) На фотографиите од ставот (1) на овој член, странецот е фотографиран од лице (ан фас), со неутрален и јасен израз и без било каква покривка на лицето, на обична позадина во светла боја, без присуство на други лица или предмети. Доколку лицето носи очила, истите не треба да ги покриваат очите и да покажуваат одблесок од светлина. При фотографирањето, лицето не треба да носи покривка на главата (капа, шамија и сл.), освен во одредени случаи поради, религиозни, медицински или културни причини.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се однесуваат при поднесување на барање за издавање на пасош за странец.

Член 4

Службеното лице може да побара од подносителот на барањето поблиску да ја образложи оправданоста на барањето и во врска со барањето да даде и други известувања.

Член 5

(1) Прилозите кон барањето треба да бидат во оригинал или во заверен препис, а странските исправи треба да бидат преведени на македонски јазик.

(2) Подносителот на барањето кон барањето приложува и копии од прилозите.

(3) Службеното лице врши увид на прилозите во оргинал, а ја задржува нивната копија.

Член 6

(1) Запишувањето на податоците во образецот на пасошот за странец се врши со ласерско гравирање, а запишувањето на податоците во образецот на патниот лист за странец и во патната исправа за лица без државјанство се врши рачно или електронски.

(2) Запишувањето на податоците во образецот на дипломатската лична карта, службената лична карта, конзуларната лична карта или специјалната лична карта се врши со посебен уред за печатење на документи за идентификација.

1. Издавање на пасош за странец

Член 7

(1) Образецот на барањето за издавање пасош за странец е изработен на хартија во бела боја, А-4 формат, со димензии 21 x 29,7 см и содржи две нумерирани страници (Образец бр.1).

(2) Во горниот лев дел на првата страница на образецот на барањето за издавање пасош за странец, отпечатени се клаузули за негово читливо пополнување и за одговорноста на подносителот на барањето за точноста на податоците, под нив има место за запишување на називот на органот до кој се поднесува барањето, под него има натпис „БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАСОШ ЗА СТРАНЕЦ", под него се внесуваат следните податоци за странецот кој бара издавање на пасош за странец: презиме; име; пол; ден, месец и година на раѓање; место и држава на раѓање; државјанство; статус на странецот во Република Северна Македонија; занимање; живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија; вид, број, надлежен орган и место на издавање на патната исправа со

која странецот влегол во Република Северна Македонија; датум и место на влез во Република Северна Македонија; причина за патување и држава на дестинација, под нив се внесуваат податоци за: прилозите кон барањето; местото и датумот на поднесување на барањето, а под нив има место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Во горниот лев дел на втората страница на образецот на барањето за издавање пасош за странец, отпечатена е клаузула дека оваа страница ја пополнува службеното лице на органот до кој е поднесено барањето, под него се внесуваат податоци за исходот од спроведена постапка по барањето; бројот на пасошот за странец; датумот и местото на издавање и важноста, под нив има клаузула за потврда дека странецот го примил пасошот за странец, под неа има место за внесување на податоци за местото и датумот кога странецот го примил пасошот за странец, а под нив има место за: потпис на примателот; печат и потпис на службеното лице

(4) Текстот на барањето за издавање пасош за странец е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивните латинични писма.

Член 8

(1) Барањето за издавање пасош за странец, се поднесува до организационата единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето, односно престојувалиштето на странецот и кон него се приложува:

- дозвола за привремен или постојан престој во Република Северна Македонија во оригинал,на увид, или заверен препис и

- изјава заверена на нотар со која странецот потврдува дека нема и не може да обезбеди валидна странска патна исправа од државата чиј државјанин е.

(2) Во случај кога се поднесува барање за издавање пасош за странец за малолетно лице, покрај прилозите од ставот (1) на овој член се поднесува и согласност од другиот родител за издавање на пасош за странец на малолетното лице.

Член 9

(1) При поднесување на барањето за издавање пасош за странец, од странецот се земаат биометриски податоци-фотографија, отпечатоци од два прста, како и своерачен потпис во дигитална форма.

(2) Фотографијата со димензии 3,5 x 4,5 см се прибавува со фотографирање на лицето при поднесување на барањето за издавање пасош за странец, при што истата е идентична и одговара на изгледот на странецот. Фотографијата се пренесува и чува во електронската база на податоци.

(3) Странецот, согласно ICAO стандардот, се фотографира од лице (ан фас), со неутрален и јасен израз и без било каква покривка на лицето, на обична позадина во светла боја, без присуство на други лица или предмети. Доколку лицето носи очила, истите не треба да ги покриваат очите и да покажуваат одблесок на светлина. При фотографирањето, лицето не треба да носи покривка на главата (капа, шамија и сл.) освен во одредени случаи, поради религиозни, медицински или културни причини.

(4) При поднесување на барањето за издавање пасош за странец од странецот се земаат отпечатоци од двата показалци од двете раце. Доколку на странецот му недостасува некој од овие два прста се зема отпечаток од следниот прст од дланката и тоа се констатира во рубриката „забелешки” во службените евиденции. Доколку странецот нема една рака, отпечатокот се зема од показалецот на другата рака. Доколку странецот нема две раце службеното лице ја констатира состојбата со службена белешка и евидентирање во службената евиденција.

(5) При поднесување на барањето за издавање пасош за странец, странецот своерачно се потпишува како на самото барање така и на електронско перниче за потпишување. Потписот замен на електронско перниче се пренесува и чува во електронска база на податоци.

(6) Доколку странецот е неписмен, службеното лице ја констатира состојбата со службена белешка и со евидентирање во службената евиденција, а во пасошот за странец на местото резервирано за потпис го става знакот „X X X”. Знакот „X X X” се става на местото резервирано за потпис во пасошот за странец и во сите останати случаи кога не се зема потпис при поднесување на барањето за издавање пасош за странец.

(7) При поднесување на барањето за издавање пасош за странец од малолетни лица до 12 годишна возраст не се врши земање на отпечатоци од прсти и дигитален потпис.

Член 10

(1) Образецот на пасошот за странец е изработен од посебен материјал, со вградени заштитни обележја и ги содржи следните податоци: натис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА”, грб на Република Северна Македонија, натпис „ПАСОШ ЗА СТРАНЕЦ”, вид, код и број на пасошот, фотографија, презиме, име, државјанство, датум на раѓање, матичен број за странец, пол, место на раѓање, датум на издавање, издаден од, важност, своерачен потпис, живеалиште/престојувалиште и адреса.

(2) Текстот на образецот на пасошот за странец е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивните латинични писма.

Член 11

(1) Кога ќе се утврди дека барањето за издавање пасош за странец ги содржи потребните податоци и прилози, службеното лице на подносителот на барањето му издава потврда за прием на барањето.

(2) Службеното лице податоците наведени во барањето од став (1) на овој член ги проверува во регистарот за издадени пасоши за странци и патни исправи за лице без државјанство, во регистарот за одбиени барања за издавање на пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство и во други соодветни регистри.

Член 12

(1) Особено оправдани причини во случај кога пасошот за странец може да важи и за државата чиј државјанин е странецот, претставува постоење на цврсти причини кои ја оправдуваат целта на патувањето.

(2) Причините од ставот (1) на овој член се утврдуваат врз основа на писмено барање на странецот во прилог на кое има докази кои го поткрепуваат неговото барање.

(3) При одлучување за барањето на странецот од ставот (2) на овој член се земаат во предвид следните околности: целта на посетата; причините поради кои е определено пасошот да важи во државата чиј државјанин е странецот; од кои причини е издадена дозволата за престој на странецот во Република Северна Македонија; дали со патувањето ќе се зголеми ризикот на безбедноста на странецот; времетраењето на посетата и друго.

Член 13

Во случај кога се издава пасош за странец со важност само за одредени држави се замаат во предвид следните околности: дали странецот има блиски врски со државите за кои се издава; врските меѓу државата чиј државјанин е странецот со државите за кои се издава; безбедноста на странецот; целта на посетата и слично.

2. Издавање на патен лист за странец

Член 14

(1) Образецот на барањето за издавање патен лист за странец е изработен на хартија во бела боја, А-4 формат, со димензии 21 х 29,7 см и содржи две нумерирани страници (Образец бр.2).

(2) Во горниот лев дел на првата страница на образецот на барањето за издавање патен лист за странец, отпечатени се клаузули за негово читливо пополнување и за одговорноста на подносителот на барањето за точноста на податоците, под нив има место за запишување на називот на органот до кој се поднесува барањето, под него има натпис „БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ", под него се внесуваат следните податоци за странецот кој бара издавање на патен лист за странец: презиме; име; пол; ден, месец и година на раѓање; место и држава на раѓање; државјанство; статус на странецот во Република Северна Македонија; занимање; живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија; под нив се внесуваат податоци за прилозите кон барањето и местото и датумот на поднесување на барањето, а под нив има место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Во горниот лев дел на втората страница на образецот на барањето за издавање патен лист за странец, отпечатена е клаузула дека оваа страница ја пополнува службеното лице на органот до кој е поднесено барањето, под него се внесуваат податоци за исходот од спроведена постапка по барањето; бројот на патниот лист за странец; датумот и местото на издавање и важноста, под нив има клаузула за потврда дека странецот го примил патниот лист за странец, под неа има место за внесување на податоци за местото и датумот кога странецот го примил патниот лист за странец, а под нив има место за: потпис на примателот; печат и потпис на службеното лице и фотографија со димензии 3 х 3,5 см.

(4) Текстот на барањето за издавање патен лист за странец е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивните латинични писма.

Член 15

(1) Барањето за издавање патен лист за странец, се поднесува до дипломатско-конзуларното преставништво на Република Северна Македонија.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, покрај фотографијата утврдена во член 3 од овој правилник, странецот приложува и своерачна изјава за околностите под кои останал во странство без валидна патна исправа за странец издадена од надлежен орган на Република Северна Македонија, како и доказ дека го пријавил исчезнувањето на патната исправа за странец кај надлежните органи во државата во која престојува.

Член 16

(1) Образецот на патниот лист за странец е изработен од специјална хартија со вградени заштитни елементи и ги содржи следните податоци: натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА", грб на Република Северна Македонија, натпис "ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ", сериски број на патниот лист, презиме, име, датум на раѓање и место на раѓање, држава на раѓање, државјанство, живеалиште/престојувалиште и адреса, надлежен орган кој го издал патниот лист за странец, датум на издавање, важност и потпис на службеното лице.

(2) Текстот на образецот на патниот лист за странец е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивните латинични писма.

3. Издавање на патна исправа за лице без државјанство

Член 17

(1) Образецот на барањето за издавање - продолжување на патна исправа за лице без државјанство е изработен на хартија во бела боја, со димензии 21 х 30 см и содржи две нумерирани страници (Образец бр.3).

(2) Во горниот лев дел на првата страница на барањето за издавање - продолжување на патна исправа за лице без државјанство, отпечатени се клаузули за негово читливо пополнување и за одговорноста на подносителот на барањето за точноста на податоците, под нив има место за запишување на називот на органот до кој се поднесува барањето, под него има натпис „БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ – ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПАТНА ИСПРАВА ЗА ЛИЦЕ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО", под него се внесуваат следните податоци за лицето кое бара издавање-продолжување на патната исправа за лице без државјанство: презиме; име; пол; ден, месец и година на раѓање; место и држава на раѓање; престој на странецот во Република Северна Македонија; занимање; живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија; вид, број, надлежен орган и место на издавање на патната исправа со која влегол во Република Северна Македонија, датум и место на влегување во Република Северна Македонија; причина за патување и држава на дестинација, под нив се внесуваат податоци за прилозите кон барањето и за местото и датумот на поднесување на барањето, а под нив има место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Во горниот лев дел на втората страница на барањето за издавање - продолжување на патна исправа за лице без државјанство, отпечатена е клаузула дека оваа страница ја пополнува службеното лице на органот до кој е поднесено барањето, под него се внесуваат податоци за: исходот од спроведена постапка по барањето; бројот на патната исправа за лице без државјанство; датумот и местото на издавање и важноста, под нив има клаузула за потврда дека лицето без државјанство ја примило патната исправа за лице без државјанство, под неа има место за внесување на податоци за местото и датумот кога е примена патната исправа за лице без државјанство и има место за: потпис на примателот; печат; потпис на службеното лице и фотографија со димензии 3 x 3,5 см.

(4) Текстот на барањето за издавање-продолжување на патна исправа за лице без државјанство е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски и француски јазик и нивните латинични писма.

Член 18

Барањето за издавање - продолжување на патна исправа за лице без државјанство, лицето без државјанство го поднесува до организационата единица на Министерството за внатрешни работи според живеалиштето, односно престојувалиштето и кон барањето приложува дозвола за привремен или постојан престој во Република Северна Македонија во оргинал или заверен препис.

Член 19

Службеното лице при решавањето на барањето за издавање патна исправа за лице без државјанство проверува дали подносителот на барањето, односно лицето на кое се однесува барањето е државјанин на некоја странска држава и ги проверува податоците содржани во барањето во соодветните регистри кои се водат во Министерството за внатрешни работи.

Член 20

(1) Образецот на патната исправа за лице без државјанство е изработен во форма на книшка со димензии 8,8 x 12,5 см и содржи две корици и 32 внатрешни страници (Образец бр.4).

(2) Во горниот среден дел на корицата од патната исправа отпечатен е текст „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА", под него отпечатен е текст „ПАТНА ИСПРАВА", а под него отпечатен е текст „Конвенција од 28 –ми септември 1954 година".

(3) Во горниот среден дел на првата внатрешна страница од патната исправа се внесува податок за бројот на патната исправа на лицето без државјанство, под неа отпечатен е текст "ПАТНА ИСПРАВА", под него отпечатен е текст: „Конвенција од 28-ми септември 1954 година", под кој се внесува податок за важноста на исправата ако истата не е продолжена; под него отпечатена е клаузула за целта на издавање на оваа исправа, под неа се внесува податок за времето во кое носителот на исправата има право да се врати во Република Северна Македонија, под него отпечатено е упатство за постапување доколку носителот на патната исправа се насели во некоја друга земја која не ја издала оваа исправа, а во долниот среден дел на страницата има сериски број на патната исправа.

(4) На втората внатрешната страници од патната исправа се внесуваат следните податоци за лицето без државјанство: презиме; име; датум и место на раѓање; сегашна адреса, а во горниот среден дел на третата внатрешна страница од патната исправа има место за фотографија на носителот, под неа место за потпис на носителот, а во долниот среден дел отпечатена е клаузула дека оваа исправа содржи триесет и две страници, без насловната страница.

(5) На четвртата внатрешна страница од патната исправа се внесуваат податоци за: земјите во кои важи оваа исправа; исправата или исправите врз основа на кои оваа исправа е издадена; местото и датумот на издавање; платена такса, а под неа има место за потпис и печат на органот кој ја издава исправата.

(6) Во горниот среден дел на петтата и шестата внатрешна страница од патната исправа се внесува податок за продолжување на важноста на патната исправа; под него има место за потпис и печат на органот кој ја продолжува важноста, под него се внесува податок за времето на продожување на важноста, а под него има место за потпис и печат на органот кој ја продолжил важноста на исправата.

(7) Во горниот среден дел на внатрешните страници од број седум до број триесет и два од патната исправа отпечатен е натпис „Визи", а под него отпечатена е напомена дека презимето на носителот на визата мора да се повтори на секоја виза.

(8) Образецот на патната исправа на лице без државјанство е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

4. Издавање на дипломатска лична карта, службена лична карта конзуларна лична карта или специјална лична карта

Член 21

(1) Дипломатска лична карта, службена лична карта или конзуларна лична карта се издава на странец кој е член на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или е член на друга странска мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски статус и на членовите на нивните потесни семејства (брачен другар и деца), согласно ратификуваните меѓународни договори.

(2) Специјална лична карта се издава на:

- странец кој е член на претставништво на странска држава или на друга странска мисија, кои во Република Северна Македонија имаат специјален статус утврден со посебна спогодба меѓу Република Северна Македонија и странската држава, односно странската мисија, како и на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар и деца);

- странски експерт или волонтер ангажиран за реализација на проекти од јавен интерес за Република Северна Македонија, од страна на органите на државната управа на Република Северна Македонија или од страна на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија, кое во Република Северна Македонија има дипломатски или специјален статус;

- родител на странец кој е член на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски или специјален статус и

- на странец кој е член на помошен персонал ангажиран од дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски статус.

Член 22

(1) Дипломатска лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта се издава врз основа на претходно извршена нотификација и поднесено барање за издавање на дипломатска лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта.

(2) Во нотификацијата од ставот (1) на овој член се наведува описот на конкретната функција, пристигнувањето и стапувањето на должност на странецот, семејната состојба и адресата на живеење.

(3) Нотификацијата и барањето за специјална лична карта од ставот (1) на овој член, од страна на органите на државната управа на Република Северна Македонија се доставува со официјален заверен допис.

(4) Нотификацијата и барањето од ставот (1) на овој член, од страна на дипломатско-конзуларното претставништво на странската држава или на друга странска мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски статус или специјален статус, се доставува до Министерството за надворешни работи со заверена вербална нота.

(5) Во прилог на нотата се доставува и пополнетото барање, на македонски или англиски јазик, во два оригинални примерока, потпишани лично од странецот, две негови фотографии и пасош или две фотокопии од пасош.

(6) Врз основа на податоците во доставеното барање, од страна на Министерството за надворешни работи може да се побара приложување и на други документи, односно: потврда за упис во образовна установа во Република Северна Македонија; потврда за превземање на трошоците за полнолетно лице; копија од документ со кој се потврдува статусната состојба на странецот; копија од документ издаден од надлежен орган со кој се потврдува официјалниот карактер на брачниот статус на странецот; копија од документ со кој се потврдува државјанство на полнолетно или малолетно лице во случај кога брачниот другар е со друго државјанство или во случај на промена на државјанството (натурализација) и други документи за кои се смета дека се потребни во конкретниот случај.

Член 23

Барање за издавање на дипломатска лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта се поднесува кога:

- странецот за првпат стапува на должност во Република Северна Македонија;

- е истечена нејзината важност;

- е извршена промена на името или презимето на нејзиниот носител;

- е извршена промена на должноста на нејзиниот носител и

- дипломатската лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта е оштетена, исчезната, изгубена, украдена или на друг начин отуѓена.

Член 24

(1) Образецот на барањето за издавање на дипломатска лична карта, службена лична карта, конзуларна лична карта или специјална лична карта е изработен на хартија во бела боја и има предна и задна страна. (Образец бр.5).

(2) Во горниот лев дел на предната страна на барањето, отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА”, под него отпечатен е натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ”, под него отпечатен е натпис „ДИРЕКТОРАТ ЗА ДИПЛО-

МАТСКИ ПРОТОКОЛ", под него отпечатен е натпис „БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКА ЛИЧНА КАРТА, СЛУЖБЕНА ЛИЧНА КАРТА, КОНЗУЛАРНА ЛИЧНА КАРТА ИЛИ СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА", на десната страна има место за фотографија со димензии 3 x 4 см, под нив се внесува податок за името на дипломатско - конзуларното претставништво на странска држава, односно на странската мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски статус или специјален статус под нив се внесуваат податоци за странецот, за неговата брачна состојба и за неговите деца. Во долниот десен дел на барањето има место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Во горниот среден дел на задната страна на барањето отпечатена е клаузула дека оваа страна ја пополнува Министерството за надворешни работи, под неа се обележува видот на издадената лична карта и нејзиниот број, под неа се внесуваат податоци за нејзината важност и местото и датумот на издавање, а под нив има место за печат и потпис на службеното лице.

(4) Текстот на образецот на барањето е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо, односно на англиски јазик и неговото латинично писмо.

Член 25

Во зависност од функцијата која странецот ја врши во дипломатско – конзуларното претставништво на странска држава, односно во странската мисија која во Република Северна Македонија има дипломатски статус, личните карти се издаваат во вид на:

- дипломатска лична карта од видовите „Д" (за резиденти) и „Д1" (за нерезиденти);
- службена лична карта од вид „С";
- конзуларна лична карта од видовите „Ц" (за резиденти) и „Ц1" (за нерезиденти) и
- специјална лична карта од вид „Сп".

Член 26

(1) Образецот на дипломатската лична карта од видот „Д" е со димензии 8,9 x 5,4 цм и има предна и задна страна (Образец бр.6).

Во горниот среден дел на предната страна на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д" отпечатен е грбот на Република Северна Македонија, на левата страна отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ" на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а на десната страна отпечатени се овие натписи на англиски јазик и неговото латинично писмо. Во средниот дел на предната страна на образецот, на левата страна има место за фотографија, под која има ознака „Д" и во продолжение се внесува деловодниот број, на десната страна отпечатен е натпис „ДИПЛОМАТСКА ЛИЧНА КАРТА", под него се внесуваат податоци за странецот: име и презиме; функција и мисија, а во долниот дел на предната страна се внесуваат податоци за: регистарскиот број; датумот на издавање и важноста на дипломатската лична карта.

(2) На задната страна на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д", отпечатен е текст за уживање на имунитет на носителот, за ослободување од обврската за поседување на македонска виза при влегување и напуштање на територијата на Република Северна Македонија и за почитување на правата на носителот од страна на сите надлежни државни органи.

(3) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д", има ознака „Д".

(4) Текстот на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д" е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

Член 27

(1) Образецот на дипломатската лична карта од видот „Д1" ги има истите карактеристики и ги содржи податоците од член 26 ставови 1, 2, и 5 од овој правилник (Образец бр.7).

(2) На задната страна на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д1", отпечатен е текст за уживање на имунитет на носителот, за ослободување од обврската за поседување на македонска виза при влегување и напуштање на територијата на Република Северна Македонија и за обврската на надлежните државни органи да му укажат помош на граничните премини, институциите и на другите места на територијата на Република Северна Македонија, а под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

(3) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на дипломатската лична карта од видот „Д1", има ознака „Д1".

Член 28

(1) Образецот на службената лична карта од видот „С" е со димензии 8,9 x 5,4 цм и има предна и задна страна (Образец бр.8).

(2) Во горниот среден дел на предната страна на образецот на службената лична карта од видот „С" отпечатен е грбот на Република Северна Македонија, на левата страна отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ" на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а на десната страна отпечатени се овие натписи на англиски јазик и неговото латинично писмо. Во средниот дел на предната страна на образецот, на левата страна има место за фотографија под која има ознака „С" и во продолжение се внесува деловодниот број, на десната страна отпечатен е натпис „СЛУЖБЕНА ЛИЧНА КАРТА", под него се внесуваат податоци за странецот: име и презиме; функција и мисија, а во долниот дел предната страна на образецот се внесуваат податоци за: регистарскиот број; датумот на издавање и важноста на службена лична карта.

(3) На задната страна на образецот на службената лична карта од видот „С", отпечатен е текст за уживање на имунитет на носителот, за ослободување од об-

врската за поседување на македонска виза при влегување и напуштање на територијата на Република Северна Македонија и за почитување на правата на носителот од страна на надлежни државни органи, а под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

(4) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на службента лична карта од видот „С”, има ознака „С”.

(5) Текстот на образецот на службената лична карта од видот „С” е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

Член 29

(1) Образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц” е со димензии 8,9 x 5,4 см и има предна и задна страна (Образец бр.9).

(2) Во горниот среден дел на предната страна на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц” отпечатен е грбот на Република Северна Македонија, на левата страна отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА” и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ” на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а на десната страна отпечатени се овие натписи на англиски јазик и неговото латинично писмо. Во средниот дел на предната страна на образецот, на левата страна има место за фотографија под која има ознака „Ц “ и во продолжение се внесува деловодниот број, на десната страна отпечатен е натпис „КОНЗУЛАРНА ЛИЧНА КАРТА”, под него се внесуваат податоци за странецот: име и презиме и функција, а во долниот дел на предната страна на образецот се внесуваат податоци за: регистарски број; датум на издавање и важност на конзуларната лична карта.

(3) На задната страна на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц”, отпечатен е текст за укажување помош на носителот од страна на надлежните државни органи во реализацијата на постапките и процедурите при извршување на службените активности на територијата на Република Северна Македонија, под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

(4) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц”, има ознака „Ц”.

(5) Текстот на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц” е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

Член 30

(1) Образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц1” ги има истите карактеристики и ги содржи податоците од член 29 ставови 1, 2 и 5 од овој правилник (Образец бр.10).

(2) На задната страна на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц1”, отпечатен е текст за ослободување од обврската за поседување на македонска виза при влегување и напуштање на територијата на Република Северна Македонија и укажување помош на граничните премини, во институциите и на други места на територијата на Република Северна Македонија, а под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

(3) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на конзуларната лична карта од видот „Ц1”, има ознака „Ц1”.

Член 31

(1) Образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ е со димензии 8,9 x 5,4 см и има предна и задна страна (Образец бр.11).

(2) Во горниот среден дел на предната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ отпечатен е грбот на Република Северна Македонија, на левата страна отпечатен е натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ и натпис „МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ“ на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а на десната страна отпечатени се овие натписи на англиски јазик и неговото латинично писмо. Во средниот дел на предната страна на образецот, на левата страна има место за фотографија под која има ознака „Сп“ и во продолжение се внесува деловодниот број, на десната страна отпечатен е натпис „СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА“, под него се внесуваат податоци за странецот: име и презиме; функција и мисија, а во долниот дел на предната страна на образецот се внесуваат податоци за: регистарскиот број; датумот на издавање и важноста на специјалната лична карта.

(3) На задната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“, отпечатен е текст за ослободување од обврската за поседување на македонска виза при влегување и напуштање на територијата на Република Северна Македонија и за обврската на надлежните државни органи да му укажат помош на граничните премини, во институциите и на други места на територијата на Република Северна Македонија, а под него во средниот дел има место за печат и потпис на шефот на протокол.

(4) Во долниот дел, на левата страна од задната страна на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“, има ознака „Сп“.

(5) Текстот на образецот на специјалната лична карта од видот „Сп“ е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

III. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСЧЕЗНАТИ, ИЗГУБЕНИ, УКРАДЕНИ ИЛИ ДРУГО ОТУЃУВАЊЕ НА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

Член 32

(1) Странецот го пријавува исчезнувањето, губењето, кражбата или другото отуѓување на патната исправа, односно на исправата со која го докажува иден-

титетот во полициската станица, според местото на исчезнување, губење, кражба или друго отуѓување на исправата, односно според местото на живеалиште или престојувалиште на странецот.

(2) Пријавувањето од ставот (1) на овој член, странецот го врши со поднесување на пријава во која се внесуваат следните податоци: презиме и име; ден, месец и година на раѓање; адреса на живеење во државата чиј државјанин е или во која има постојан престој, живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија; назив, број и орган кој ја издал исправата; време, граничен премин и превозно средство со кое странецот влегол во Република Северна Македонија; околностите кои довеле до исчезнување, губење, кражба или друго отуѓување на исправата, околностите за полесно пронаоѓање на исправата, како и исправите кои ги поднесува како доказ за утврдување на идентитетот.

(3) Службеното лице на надлежната полициска станица во која странецот го пријавил исчезнувањето, губењето, кражбата или другото отуѓување на исправата го утврдува идентитетот на странецот, законитоста на неговиот престој во Република Северна Македонија и вистинитоста на фактите наведени во пријавата и за тоа составува службена белешка.

(4) Службеното лице истовремено ќе побара и известување од надлежниот орган дали тој ја издал исправата чие исчезнување, губење, кражба или друго отуѓување е пријавено.

Член 33

По преземање на активностите од член 32 став (3) од овој правилник, од страна на службеното лице се издава потврда за пријавување, во која на македонски и англиски јазик се внесуваат следните податоци за странецот: име и презиме; ден, месец и година на раѓање; живеалиште и адреса на живеење во државата чиј државјанин е или во која има дозвола за постојан престој; живеалиште, односно престојувалиште во Република Северна Македонија; назив на исправата; број и орган од кого е издадена; доказ за неговиот идентитетот; време на важење на потврдата и потпис на службеното лице.

Член 34

Во случај кога е пријавено исчезнување, губење, кражба или друго отуѓување на патна исправа за странец, односно на исправата со која го докажува идентитетот, службеното лице во надлежната полициска станица го упатува странецот до надлежна организациона единица на Министерството за внатрешни работи заради издавање на нова исправа.

Член 35

Во случај кога е пријавено исчезнување, губење, кражба или друго отуѓување на странска патна исправа, службеното лице во надлежната полициска станица го упатува странецот до дипломатско-конзуларното преставништво на државата чиј државјанин е, заради издавање на странска патна исправа.

Член 36

(1) Ако исчезнатата, изгубената, украдената или на друг начин отуѓената исправа во текот на постапката се пронајде, истата лично му се враќа на странецот.

(2) Пронајдената исправа која не може да му се врати лично на странецот на чие име гласи, се доставува до Министерството за надворешни работи заради нејзино доставување до дипломатско-конзуларното преставништво на странската држава што ја издало исправата.

(3) Пронајдената исправа за странец што ја издало Министерството за внатрешни работи, а која не може да му се врати лично на странецот на чие име гласи, се доставува до органот кој ја издал исправата.

Член 37

(1) Ако странецот ја пронајде исчезнатата, изгубената, украдената или на друг начин отуѓената исправа, издадена од Министерството за внатрешни работи, односно од Министерството за надворешни работи, истата ќе му ја предаде на надлежниот орган заради поништување, доколку е издадена друга таква исправа.

(2) Ако странецот ја пронајде исчезнатата, изгубената, украдената или на друг начин отуѓената странска патна исправа во која постои валидна виза од Република Северна Македонија, истата ќе ја поднесе до органот кој ја издал визата, заради нејзино поништување.

IV. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА И КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИ ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

Член 38

(1) Евиденцијата за издадени пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство се води во форма на регистри, кои ги содржат следните рубрики:

- реден број;
- датум;
- име и презиме на странецот;
- датум, место и држава на раѓање;
- државјанство;
- матичен број на странецот;
- живеалиште/престојувалиште во Република Северна Македонија;
- причина за издавање на пасош;
- вид и број на издадениот пасош;
- рок на важење на патна исправа и
- забелешка.

(2) Евиденцијата за одбиени барања за издавање на пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство се води во форма на регистри, кои ги содржат следните рубрики:

- реден број;
- датум;
- име и презиме на странецот;
- државјанство;
- живеалиште/престојувалиште, односно адреса на станот;
- законски основ според кој барањето е одбиено;
- датум на поднесување на жалба;
- исход од жалбата;
- датум на поднесување на тужба;
- исход од тужбата и
- забелешка.

(3) Евиденцијата за пријавени исчезнати, изгубени, украдени или на друг начин отуѓени патни и други исправи се води во форма на регистри, кои ги содржат следните рубрики:
- реден број;
- датум;
- име и презиме;
- датум, место и држава на раѓање;
- државјанство;
- причина за престој во Република Северна Македонија;
- вид и број на исчезнатата патна исправа;
- начин на утврдување на идентитет и
- забелешка.

(4) Евиденцијата за издадени патни листови за странци се води во форма на регистри, кои ги содржат следните рубрики:
- презиме;
- име;
- пол;
- државјанство;
- датум на раѓање;
- место на раѓање;
- живеалиште и адреса;
- единствен матичен број;
- датум на издавање;
- орган кој го издава;
- важност и
- вид, код и број на патен лист за странец

(5) Евиденцијата за издадени дипломатски лични карти, службени лични карти, конзуларни лични карти или специјални лични карти се води во форма на регистри, кои ги содржат следните рубрики:
- име и презиме,
- пол,
- ден, месец и година на раѓање,
- место на раѓање,
- вид и број на патна исправа,
- функција,
- адреса на станот и
- назив на странското дипломатско или конзуларното претставништво, односно меѓународната организација.

Член 39

(1) Секој евиденциски лист од регистрите од член 38 од овој правилник има реден број напишан со арапски броеви со растечка големина. Пред почетокот на водењето на регистрите на последниот евиденциски лист, се забележува вкупниот број на листовите што ги содржи регистарот и се заверуваат со печат на Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за надворешни работи и потпис на службеното лице што го води регистерот.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член се водат рачно и преку систем на автоматска обработка на податоци.

Член 40

Од страна на државен орган кој има правен интерес за податоците од евиденциите во член 38 од овој правилник, се поднесува писмено барање за нивно користење до Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за надворешни работи.

Член 41

Обрасците од број 1 до број 11 се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 42

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за патни и други исправи на странец („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/08 и 15/09), освен одредбите од членовите 10 и 16, кои ќе продолжат да се применуваат до отпочнувањето на примената на членовите 10 и 16 од овој правилник.

Член 43

Одредбите на членовите 10 и 16 од овој правилник, ќе отпочнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11684/20-2
29 април 2020 година
Скопје

Министер
за надворешни работи,
Никола Димитров, с.р.

Бр. 13.1-37662/1
22 април 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Наќе Чулев, с.р.

Образец бр.1

Пополнете го образецот читливо
Please fill in the form legibly
Priére de remplir le formulaire trés lisiblement

За точноста податоците е одговорен подносителот на барањето
The applicant is responsible for accurancy of the data
Le déclarant est tenu responsible pour I'exactitude des données

Назив на органот до кој се поднесува барањето
Name of the receiving authority
L'autorité à laquelle la demande est adressée

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАСОШ ЗА СТРАНЕЦ
APPLICATION FOR ISSUE OF PASSPORT FOR FOREIGNERS
DEMANDE DE DÉLIVRANCE D'UN PASSEPORT POUR ÉTRANGERS

1	Презиме (поранешно односно моминско) Surname (former/maiden) Nom (aussi nom de jeune fille pour les femmes marriées)	
2	Име Name (s) Prénom (s)	
3	Пол Sex Sexe	
4	Ден, месец и година на раѓање Day, month and year of birth Jour, mois et année de naisssance	
5	Место и држава на раѓање Place and country of birth Lieu et pays de naissance	
6	Државјанство Nationality Nationalité	
7	Статус на странецот во Република Северна Македонија Status of the foreigner in the Republic of North Macedonia Situation de l'étranger en Republique de Macédoine du Nord	
8	Занимање Occupation Profession	
9	Живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија Place of sojourn/residence and address in the Republic of North Macedonia Lieu de séjour/résidence et adresse en Republique de Macédoine du Nord	
10	Патна исправа со која странецот влегол во Република Северна Македонија (вид, број, кој ја издал, каде е издадена) Travel document presented at the entry into the Republic of North Macedonia (type, number, issued by, issued at) Document de voyage avec lequel l'étranger est entré en République de Macédoine du Nord (type, numéro, délivré par, délivré à)	
11	Датум и место на влез во Република Северна Македонија Date and place of entry into the Republic of North Macedonia Date et poin d'éntrée en Republique de Macédoine du Nord	
12	Причини за патување и држава на дестинација Reasons for travel and country of destination But du voyage et le pays de destination finale	
13	Кон барањето приложувам: I enclose the following to the application: Je joins à la présente demande: Во датум In _____ date_____ A date _____ (потпис на подносителот на барањето) (signature of applicant) (signature du demandeur)	

Пополнува службено лице на органот до кој е поднесено барањето

To be filled out by an official person of the receiving authority

Réservé au fonctionnaire de l'autorité à laquelle la demande est présentée

Исход од спроведената постапка по барање Result of the procedure related to the application Résultat du procédé retalif à cette demande	
Број на пасошот за странец Number of passport for foreigners Numéro de délivrance du passeport pour étrangers	
Датум и место на издавање Date and place of issue Date et lieu de délivrance	
Важи до Date of expiry Valable jusqu'au	

Потврдувам дека сум примил пасош за странец:

I confirm that I have received a passport for foreigners:

Je confirme que j'ai reçu le passaport pour étrangers:

Во датум

In _____ date _____

A date

_____

_____ М.П. _____

(потпис на примателот) L.S. (потпис на службеното лице)

(signature of recipient) (signature of the official person)

(signature du receveur) (signature du fonctionnaire)

Образец бр.2

Пополнете го образецот читливо
Please fill in the form legibly
Priére de remplir le formulaire trés lisiblement

За точноста податоците е одговорен подносителот на барањето
The applicant is responsible for accurancy of the data
Le déclarant est tenu responsible pour I'exactitude des données

Назив на органот до кој се поднесува барањето
Name of the receiving authority
L'autorité à laquelle la demande est adressée

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ
APPLICATION FOR ISSUE OF EMERGENCY PASSPORT FOR FOREIGNERS
DEMANDE DE DÉLIVRANCE D'UN CERTIFICAT DE VOYAGE POUR ÉTRANGERS

1	Презиме (поранешно односно моминско) Surname (former/maiden) Nom (aussi nom de jeune fille pour les femmes marriées)	
2	Име Name (s) Prénom (s)	
3	Пол Sex Sexe	
4	Ден, месец и година на раѓање Day, month and year of birth Jour, mois et année de naisssance	
5	Место и држава на раѓање Place and country of birth Lieu et pays de naissance	
6	Државјанство Nationality Nationalité	
7	Статус на странецот во Република Северна Македонија Status of the foreigner in the Republic of North Macedonia Situation de l'étranger en Republique de Macédoine du Nord	
8	Занимање Occupation Profession	
9	Живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија Place of sojourn/residence and address in the Republic of North Macedonia Lieu de séjour/résidence et adresse en Republique de Macédoine du Nord	
10	Кон барањето прилажувам: I enclose the following to the application: Je joins à la présente demande: Во датум In _____ date_____ A date _____ (потпис на подносителот на барањето) (signature of applicant) (signature du demandeur)	

Пополнува службено лице на органот до кој е поднесено барањето

To be filled out by an official person of the receiving authority

Réservé au fonctionnaire de l'autorité à laquelle la demande est présentée

Исход од спроведената постапка по барање Result of the procedure related to the application Résultat du procédé retalif à cette demande	
Број на патниот лист за странец Number of emergency passport for foreigners Numéro de délivrance du certificate de voyage pour étrangers	
Датум и место на издавање Date and place of issue Date et lieu de délivrance	
Важи до Date of expiry Valable jusqu'au	

Потврдувам дека сум примил патен лист за странец:

I confirm that I have received an emergency passport for foreigners:

Je confirme que j'ai reçu le certificate de voyage pour étrangers:

Во датум

In _____ date _____

A date

_____

_____ М.П. _____

(потпис на примателот) L.S. (потпис на службеното лице)

(signature of the recipient) (signature of the official person)

(signature du receveur) (signature du fonctionnaire)

Фотографија

Photo

Photo

3x3,5 cm

Образец бр.3

Пополнете го образецот читливо
Please fill in the form legibly
Priére de remplir le formulaire trés lisiblement

За точноста податоците е одговорен подносителот на барањето
The applicant is responsible for accurancy of the data
Le déclarant est tenu responsible pour I'exactitude des données

Назив на органот до кој се поднесува барањето
Name of the receiving authority
L'autorité à laquelle la demande est adressée

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ –ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПАТНА ИСПРАВА ЗА ЛИЦЕ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО
APPLICATION FOR ISSUE- EXTENSION OF TRAVEL DOCUMENT FOR STATELESS PERSON
DEMANDE DE DÉLIVRANCE-PROROGATION DU DOCUMENT DE VOYAGE POUR APATRIDES

1	Презиме (поранешно односно моминско) Surname (former/maiden) Nom (aussi nom de jeune fille pour les femmes marriées)	
2	Име Name (s) Prénom (s)	
3	Пол Sex Sexe	
4	Ден, месец и година на раѓање Day, month and year of birth Jour, mois et année de naisssance	
5	Место и држава на раѓање Place and country of birth Lieu et pays de naissance	
6	Престој на странецот во Република Северна Македонија Grounds for stay of the foreigner in the Republic of North Macedonia Situation de l'étranger en Republique de Macédoine du Nord	
7	Занимање Occupation Profession	
8	Живеалиште/престојувалиште и адреса на живеење во Република Северна Македонија Place of sojourn/residence and address in the Republic of North Macedonia Lieu de séjour/résidence et adresse en Republique de Macédoine du Nord	
9	Патна исправа со која влегол во Република Северна Македонија (вид, број, кој ја издал, каде е издадена) Travel document presented at the entry into the Republic of North Macedonia (type, number, issued by, issued at) Document de voyage (type, numéro, délivré par, délivré à)	

10	Датум и место на влез во Република Северна Македонија Date and place of entry into the Republic of North Macedonia Date et poin d'éntrée en Republique de Macédoine du Nord	
11	Причини за патување и држава на дестинација Reasons for travel and country of destination But du voyage et le pays de destination finale	
12	Кон барањето приложувам: I enclose the following to the application: Je joins à la présente demande: Во датум In _____ date_____ A date	_____ (потпис на подносителот на барањето) (signature of applicant) (signature du demandeur)

Пополнува службено лице на органот до кој е поднесено барањето

To be filled out by an official person of the receiving authority

Réservé au fonctionnaire de l'autorité à laquelle la demande est présentée

Исход од спроведената постапка по барање Result of the procedure related to the application Résultat du procédé retalif à cette demande	
Број на патна исправа за лице без државјанство Number of the travel document for stateless person Numéro de délivrance du document de voyage pour apatrides	
Датум и место на издавање Date and place of issue Date et lieu de délivrance	
Важи до Date of expiry Valable jusqu'au	

Потврдувам дека сум примил патна исправа за лице без државјанство:

I confirm that I have received a travel document for stateless person:

Je confirme que j'ai reçu le document de voyage pour apatrides:

Во датум

In _____ date _____

A date

_____

_____ М.П. _____

(потпис на примателот) L.S. (потпис на службеното лице)

(signature of recipient) (signature of the official person)

(signature du receveur) (signature du fonctionnaire)

Фотографија Photo Photo 3x3.5 cm

Образец бр. 4

ПАТНА ИСПРАВА ЗА ЛИЦЕ БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ПАТНА ИСПРАВА Конвенција од 28 ми септември 1954 TRAVEL DOCUMENT Convention of 28 September 1954	Број на патна исправа/Travel document No. _____ ПАТНА ИСПРАВА Конвенција од 28 ми септември 1954 TRAVEL DOCUMENT Convention of 28 September 1954 Оваа исправа важи до: This document expires on: _____ Освен ако нејзината важност не е продолжена. Unless its validity is extended. 1.Оваа исправа се издава единствено со цел обезбедување на носителот со патна исправа која ќе служи наместо национален пасош. Таа не го прејудицира државјанскиот статус и нема влијание врз државјанството на носителот. This document is issued solely for the purpose of providing the holder with a travel document which can serve in lieu of a national passport. It is without a prejudice to and in no way affects the holder's nationality. 2.Носителот има право да се врати во Република Северна Македонија до The holder is eligible to return to the Republic of North Macedonia by _____ 3.Доколку носителот се насели во држава која не ја издала оваа исправа, тој мора ако сака да патува повторно да поднесе барање за нова исправа до надлежниот орган на земјата на престој. Старата патна исправа ќе биде повлечена од страна на органот кој ја издал новата исправа и ќе биде вратена на органот кој ја издал. In case the holder takes up the residence in a country other than the one issuing the present document, s/he must, if s/he intends to travel, submit an application for a new travel document with the competent authorities of his/her country of residence. The old travel document shall be withdrawn by the authority issuing the new travel document and returned to the authority which issued such a document. oooooooo
корица	прва внатрешна страна

Презиме/Surname _____ Име/Name (s) _____ Датум на раѓање/Date of birth _____ Место на раѓање/Place of birth _____ Сегашна адреса/Present address _____	_____ Потпис на носителот/ Holder's signature Оваа исправа содржи 32 страници без насловната страница This document contains 32 pages excluding the cover
втора внатрешна страна	трета внатрешна страна

Оваа исправа важи за следниве земји/This document is valid for the following countries

_____
_____
_____

Исправа/ісправи врз основа на кои оваа исправа е издадена /Document (s) based on which the present document is issued

_____
_____
_____

Место и датум на издавање/Place and data of issue

_____

Платена такса/Tax fee

_____

_____
Потпис и печат
на органот кој ја издава исправата
Signature and stamp
of the issuing authority

четврта внатрешна страна

Продолжување на важноста /Extension of validity
Од/From _____

До/To _____

_____
Потпис и печат
на органот кој ја продолжува важноста
Signature and stamp
of the authority extending the validity

_____

Продолжување на важноста /Extension of validity

Од/From _____

До/To _____

_____
Потпис и печат
на органот кој ја продолжува важноста
Signature and stamp
of the authority extending the validity

петта внатрешна страна

Продолжување на важноста /Extension of validity
Од/From _____
До/To _____

_____
Потпис и печат
на органот кој ја продолжува важноста
Signature and stamp
of the authority extending the validity

_____

Продолжување на важноста /Extension of validity
Од/From _____
До/To _____

_____
Потпис и печат
на органот кој ја продолжува важноста
Signature and stamp
of the authority extending the validity

шестта внатрешна страна

Визи/Visas

Презимето на носителот на визата мора да се повтори на секоја виза
The holder's surname must be repeated on each individual visa

внатрешни страници од број седум до број триесет и два

Образец бр: 5

фото
3x4cm
photo

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
- ДИРЕКТОРАТ ЗА ДИПЛОМАТСКИ ПРОТОКОЛ -

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКА ЛИЧНА КАРТА, СЛУЖБЕНА ЛИЧНА КАРТА, КОНЗУЛАРНА ЛИЧНА КАРТА ИЛИ СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА
APPLICATION for issuance of Diplomatic ID card, Service ID card, Consular ID card or Special ID cards

ИМЕ НА ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНО ПРЕТСТАВНИШТВО НА СТРАНСКА ДРЖАВА /СТРАНСКА МИСИЈА СО ДИПЛОМАТСКИ ИЛИ СПЕЦИЈАЛЕН СТАТУС ВО РСМ.
NAME OF THE FOREIGN DIPLOMATIC - CONSULAR MISSION OF FOREIGN STATE /FOREIGN MISSION WHICH HAS A DIPLOMATIC OR SPECIAL STATUS IN RNM.

1	Име и Презиме Name and Surname	
2	Ден/Месец/Година на раѓање Day/Month/Year of birth	
3	Место на раѓање (држава) Place of birth (State)	
4	Вид и број на патна исправа Type and Number of the Passport	
5	Функција Rank or Function	
6	Адреса на станот Home Address Residence	
БРАЧНА СОСТОЈБА - MARITAL STATUS		
1	Име и презиме на брачниот другар Name and Surname of spouse	
2	Ден/Месец/Година на раѓање Day/Month/Year of birth	
3	Место на раѓање (држава) Place of birth (State)	
4	Вид и број на патната исправа Type and Number of the Passport	
ДЕЦА - CHILDREN		
1	Име и презиме Name and Surname	
	Ден/Месец/Година на раѓање Day/Month/Year of birth	
	Вид и број на патна исправа Type and Number of the Passport	
2	Име и презиме Name and Surname	
	Ден/Месец/Година на раѓање Day/Month/Year of birth	
	Вид и број на патната испарава Type and Number of the Passport	

Потпис на подносителот на барањето

Образец бр: 5

Applicant's signature

Оваа страна ја пополнува Министерството за надворешни работи:
To be filled out by the Ministry of Foreign Affairs:

ИЗДАДЕНА ЛИЧНА КАРТА: БРОЈ _____

1. ДИПЛОМАТСКА "D"
2. ДИПЛОМАТСКА "D1"
3. СЛУЖБЕНА "S"
4. КОНЗУЛАРНА"C"
5. КОНЗУЛАРНА "C1"
6. СПЕЦИЈАЛНА"Sp"

Важност од _____ до _____

Скопје, ____ - ____ - 20____ година.

ЗА ПРОТОКОЛ:
потпис на службено лице М.П.

_____

Образец бр.6

ДИПЛОМАТСКА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "Д"

Дипломатска лична карта "D", се издава на резидентни дипломати со седиште во Република Северна Македонија

ПРЕДНА СТРАНА



НОСИТЕЛОТ НА ОВАА ЛИЧНА КАРТА, ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО, УЖИВА ИМУНИТЕТ ОД КРИВИЧНО СУДСТВО, АПСЕЊЕ ИЛИ ПРИВЕДУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. НОСИТЕЛОТ НА ОВАА ЛИЧНА КАРТА Е ОСЛОБОДЕН ОД ОБВРСКАТА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ВИЗА ПРИ ВЛЕГУВАЊЕ И НАПУШТАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. СЕ МОЛАТ СИТЕ НАДЛЕЖНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ, НА НОСИТЕЛОТ НА ОВАА ЛИЧНА КАРТА, ДА МУ УКАЖАТ ПОМОШ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ, ВО ИНСТИТУЦИИТЕ И НА ДРУГИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

IN ACCORDANCE WITH INTERNATIONAL LAW, THE HOLDER OF THIS IDENTITY CARD SHALL ENJOY IMMUNITY FROM PENAL JURISDICTION, ARREST, OR POLICE CUSTODY IN THE TERRITORY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. THE HOLDER OF THIS ID CARD SHALL BE EXEMPT FROM THE OBLIGATION TO POSSESS A MACEDONIAN VISA WHEN ENTERING OR LEAVING THE MACEDONIAN TERRITORY. ALL RELEVANT AUTHORITIES ARE HEREBY KINDLY ASKED TO PROVIDE ASSISTANCE ON THE BORDER CROSSING, INSTITUTION AND OTHER PLACE OF THE TERITORY OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ON THE HOLDER OF THIS ID CARD.

ШЕФ НА ПРОТОКОЛ
CHIEF OF PROTOCOL

М.П.
L.S.

D

ЗАДНА СТРАНА

Образец бр.7

ДИПЛОМАТСКА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "Д1"

Дипломатска лична карта "D1", се издава на не резидентни дипломати со седиште надвор од Република Северна Македонија

ПРЕДНА СТРАНА



ЗАДНА СТРАНА

Образец бр.8

СЛУЖБЕНА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "С"

Службена лична карта "S"

ПРЕДНА СТРАНА



ЗАДНА СТРАНА

Образец бр.9

КОНЗУЛАРНА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "Ц"

Конзуларна лична карта "С", се издава на резидентни со седиште во Република Северна Македонија



ПРЕДНА СТРАНА



ЗАДНА СТРАНА

Образец бр.10

КОНЗУЛАРНА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "Ц1"

Конзуларна лична карта "С1", се издава на не резидентни со седиште надвор од Република Северна Македонија



ПРЕДНА СТРАНА



ЗАДНА СТРАНА

Образец бр.11

СПЕЦИЈАЛНА ЛИЧНА КАРТА ОД ВИДОТ "Сп"

Специјална лична карта "Sp"

ПРЕДНА СТРАНА



ЗАДНА СТРАНА

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

1660.

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Словачка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/20 и 26/20).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-221/3
11 мај 2020 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

1661.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Унгарија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/20, 26/20, 86/20, 99/20 и 117/20), во членот 1 став (1) алинеите 4 и 5 се бришат.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 - 222/6
11 мај 2020 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

1662.

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

Член 1

Со ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Чешка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 19/20 и 49/20).

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-273/3
11 мај 2020 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020124